Бр. 19-655/4

30.4.2026 година

Скопје


ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул.Гоце Делчев, бр.9, 1000 Скопје


**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за работа на Интеруниверзитетската конференција**

**Скопје, февруари 2026 година**

**ПЕРИОД**
**1.1.2025**
**31.12.2025**

# ВОВЕД

Согласно член 89, став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025) Интеруниверзитетска конференција се формира како јавно правно тело, заради разгледување и усогласување на прашањата од заедничко значење на универзитетите во Република Северна Македонија. Ова телот има права и обврски определени со Законот за високото овразование. Средствата за неговата работа се обезбедуваат од членките, согласно со Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година, бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година.

Членки на Интеруниверзитетската конференција, согласно новиот Закон за високото образование, се сите акредитирани универзитети во Република Северна Македонија, односно во моментов 17 универзитети и тоа:

- *Јавни универзитети*

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
2. Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола
3. Универзитет во Тетово
4. Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
5. Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид
6. Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје

- *Приватно-јавнен универзитет*

7. Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

- *Приватни универзитети*

8. Американскиот универзитет на Европа-ФОН (Првиот приватен ФОН универзитет во Скопје)
9. Европски универзитет во Скопје
10. Универзитет Американ Колеџ во Скопје
11. Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
12. Приватен меѓународен Балкански универзитет во Скопје
13. МИТ Универзитет во Скопје
14. Меѓународен славјански Универзитет во Свети Николе
15. Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА (Универзитет за еудиовизуелни уметности Европска, Театарска и Танцова Академија ЕФТА во Скопје)
16. Меѓународен универзитет во Струга

17. Меѓународен универзитет „Визион“ во Гостивар.

Годишниот извештај за работа на Интеруниверзитетската конференција за периодот 1.1.2025 до 31.12.2025 година се темели на законската обврска утврдена во член 89, став 11 од Законот за високото овразование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025), кој треба да се поднесува до сенатите на универзитетите кои се нејзини членки и истиот се објавува на веб страната на Интеруниверзитетската конференција.

Овој Извештај претставува реализација на програмските определби согласно со Програмата за работа на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија за 2025 година, усвоени на 5. седница на Интеруниверзитетската конференција, одржана на 25.2.2025 година, донесена врз основа на член 89 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021, бр. 58/2024 и бр. 124/2025)) и член 23, став 1, алинеја 9 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година.

Покрај активностите кои беа насочени кон реализација на планираните и на започнатите процеси, беа преземани и активности со цел да се реализираат одредбите од Законот за високото образование и други активности утврдени со закон и актите на Интеруниверзитетската конференција.

## ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Со Програмата за работа на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија за 2025 година беа планирани следните активности:

- Спроведување на постапка за измена и дополнување на Статутот и Деловникот на ИКРСМ
- Учество во регулирање на прашањата од надлежност на Националниот совет за високото образование и Агенцијата за квалитет, Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука согласно со Законот за високото образование
- Подготвување и предлагање материјали за актуелни прашања од доменот на високото образование за кои расправа и одлучува Интеруниверзитетската конференција
- Расправање и утврдување ставови за прашања од доменот на условите и критериумите за запишување студенти во прва година, режимот на студирањето, остварувањето на

кадровската политика на високообразовните и научните установи, материјалната положба на универзитетите и сл.

- Воспоставување мобилност на студентите помеѓу универзитетите во Република Северна Македонија
- Иницијативи за изготвување заеднички и интердисциплинарни студиски програми во земјата
- Иницијативи за заедничко аплицирање во меѓународни научно-истражувачки проекти и други форми на соработка во доменот на научно-истражувачката дејност
- Иницијативи за обезбедувањето на донации за финансирање на проекти од областа на високото образование од заеднички интерес
- Воспоставување соработка со другите интеруниверзитетски конферncиии од регионот и пошироко
- Тековни обврски и актуелни прашања од работењето на универзитетите
- Други активности по иницијатива на Собранието и Владата на Република Северна Македонија и на надлежните министерства и други органи
- Активна соработка со Националниот совет за високото образование и наука, Агенцијата за квалитет во високото образование, Одборот за акредитација и Одборот за евалуација
- Активно вклучување во изготвувањето и јавната расправа за нацрт-текстот на новиот Закон за високото образование.

Во насока на реализација на законските одредби од важечкиот Закон за високото образование, пред Интеруниверзитетската конференција се и обврските за:

- предлагање членови на Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност до Собранието на Република Северна Македонија
- избирање на членови на Одборот за акредитација од редот на професорите
- избирање на членови на Одборот за евалуација од редот на професорите
- избирање и предлагање на членови на органи и тела согласно Законот за високото образование или други закони.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Значителен дел од планираните активности се завршени, додека останатите се извршуваат во континутет. Согласно законските надлежности, утврдени со Законот за високото образование,

како и со други закони и прописи, Интеруниверзитетската конференција работеше и одлучуваше на своите редовни седници.

Во извештајниот период се одржани шест редовни седници, од кои две седница се одржа преку електронска пошта (e-mail), со можност членовите да достават евентуални забелешки и дополнувања, и да се гласа за точката од Дневниот, со „за", „против" или „воздржан". Изјаснување по предложениот Дневен ред и по точките се изврши писмено, со одговор на истиот e-mail и тоа со користењето на опцијата Reply To All (одговор до сите примачи), со што сечие изјаснување се испраќа на сите членови. Останатите седници беа одржани со физичко присуство, во просториите на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На одржаните седници се одлучуваше за повеќе прашања и дилеми од заеднички интерес на универзитетите и на високообразовната дејност во државата. При тоа, беа донесени бројни акти и заклучоци.

Беа усвоени:

- **Извештајот за работа** на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија **за 2024 година**, и
- **Програмата за работа** на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија **за 2025 година**.

Се верифицираа мандати на членови на Интеруниверзитетската конференција, односно на новоизбраните ректори и претседатели на универзитетските студентски собранија.

Беа донесени и одлуки за **номинирање на**:

- член во Одборот на Македонската рамка на квалификации;
- член во Одборот за акредитација на високото образование од научно-истражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација-хуманистички науки, од Универзитетот во Тетово;
- член во Одборот за евалуација на високото образование, студент од Европскиот Универзитет во Скопје;
- членови во Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност;

Работата на Интеруниверзитетската конференција во извештајниот период се одвиваше согласно одредбите од Законот за високото образование и актите со кои се уредува нејзиното функционирање, при што транспарентноста во работењето се обезбедуваше преку редовно информирање на универзитетите-членки и објавување јавни повици. Во таа насока, согласно утврдените потреби, беа распишани јавни повици за избор на:

- член од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, во Одборот евалуација на високото образование, студент од Европскиот Универзитет во Скопје;
- членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија во Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност;
- член од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, во Одборот за акредитација на високото образование, од научно-истражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација-хуманистички науки, од Универзитетот во Тетово;
- член од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија, во Одборот за евалуација на високото образование, студент од Европскиот Универзитет во Скопје;
- членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Национален одбор за Македонска рамка за квалификации,Секторски комисии за:

- хемија и технологија
- економија, право и трговија
- земјоделство, рибарство и ветеринарство
- машинство
- текстил, кожа и слични производи
- угостителство и туризам
- уметност

Поради веќе изминат мандат на претходниот состав на Интеруниверзитетската конференција, се изврши **верификација на мандатот на членовите на Интеруниверзитетската конференција за периодот 2024-2027 година**, според доставени извесувања за редовните професори избрани од сенатите и за претседатели на Универзитетските студентски собранија.

Интеруниверзитетската конференција активно учествуваше до јавната расправа за Стратегијата за образование 2026-2032, со можност за доставување коментари, идеи и предлози на наративниот извештај.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Остварените финансиски резултати на Интеруниверзитетската конференција во текот на фискалната 2025 година се:

| | |
|---|---|
| Вкупно приходи | 1.694.258,00 денари |
| Вкупно трошоци | 552.449,00 денари |

---

| | |
|---|---|
| Вишок на приходи над расходи | 1.141.809,00 денари |
| Данок на добивка | 0,00 денари |
| За пренос во наредна година | 1.141.809,00 денари. |

Во делот на приходите се забележуваат одредени отстапувања заради нередовното исполнување на обврските од одредени универзитети по основ на членарина, додека во делот на расходите се воведе поголема редовност во исплата на надоместоците на членовите на Интеруниверзитеската конференција, во согласност со динамиката на реализација на приходите.

Во текот на 2026 година ќе треба уште поголема финансиска дициплина како кај приходите така и кај расходите, за што на првата наредна седница на Интеруниверзитеската конференција ќе се расправа по посебна точка на дневен ред.

Врз основа на наведеното, може да се констатира дека во рамки на одржаните седници, планираните програмски активности за извештајниот период се реализирани во значителен обем, согласно утврдените приоритети и расположливите ресурси. Дел од активностите кои не се реализирани во текот на овој извештаен период, поради објективни околности и динамиката на процесите поврзани со нивната подготовка и имплементација, ќе претставуваат обврска за реализација во претстојниот годишен период.

Во наредниот период се очекува интензивирање на реформските процеси во високото образование, особено во делот на усогласување со новите законски решенија кои се во фаза на подготовка. Овие процеси се поврзани со донесувањето на новиот Закон за високото образование, Законот за научноистражувачката дејност и Законот за обезбедување квалитет во високото образование и науката, како и со имплементацијата на Стратегијата за образование 2026–2032.

Операционализацијата на наведените законски и стратешки документи ќе подразбира подготовка и донесување на повеќе подзаконски акти, насоки и процедури, со цел обезбедување на нивна ефикасна и конзистентна примена во системот на високото образование и научноистражувачката дејност.

**Генерален секретар на УКИМ**
**М-р Марија Маневска**

**Претседател**
**Проф. д-р Биљана Ангелова**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Интеруниверзитетска конференција на Република Северна Македонија

Изработил: м-р Елизабета Додевска

ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА РМ

ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INTERUNIVERSITY CONFERENCE
OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Бр. 19-655/4-1
30.4.2026 година
Скопје

Врз основа на член 89, став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021), и член 17, став 1 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција на 12. седница одржана на 29 и 30.4.2026 година ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Извештајот за работа со финансиски извештај на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија за 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работа со финансиски извештај на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседател**
**на Интеруниверзитетска конференција**

**Проф. д-р Билјана Ангелова**

Генерален секретар на УКИМ: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Бул. Гоце Делчев бр. 9 1000 Скопје, Република Северна Македонија Тел: (+389 2) 3293-293 Факс: (+389 2) 3293-202
Blvd. Goce Delcev 9 1000 Skopje, Republic of North Macedonia Tel: (+389 2) 3293-293 Fax: (+389 2) 3293-202
e-mail: iuk@ukim.edu.mk